Врз основа на член 18 став 1 алинеја 9 и член 20 став 1 алинеја 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14), а во согласност со Заклучокот на Советот на Агенцијата бр.02-710/5 од 30.01.2015 година, на својата 3-та седница одржана на 30.01.2015 година, се изготви Пречистен текст на Правилникот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за користење на средствата за репрезентација.

Пречистениот текст на Правилникот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за користење на средствата за репрезентација, ги опфаќа: Правилникот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за користење на средствата за репрезентација бр.01-3636/1 од 08.07.2014 година и Правилникот бр.01-762/1 од 30.01.2015 година, за изменување и дополнување на Правилникот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за користење на средствата за репрезентација.

# ПРАВИЛНИК
# НА АГЕНЦИЈАТА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
# ЗА КОРИСТЕЊЕ НА СРЕДСТВАТА ЗА РЕПРЕЗЕНТАЦИЈА
**(Пречистен текст)**

## 1. ОПШТИ ОДРЕДБИ

### Член 1

Со овој Правилник се уредува начинот на користење на средствата за репрезентација, овластувањата за користење на средствата за репрезентација, одговорноста за наменско користење на средствата, видовите на репрезентација и постапката за користење на репрезентацијата во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

### Член 2

Средствата за репрезентација можат да се користат за намените утврдени со овој Правилник.

Средствата за репрезентација треба да се користат наменски и рационално.

## 2. ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА СРЕДСТВА

### Член 3

Средствата за репрезентација се обезбедени со Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Трошоците за репрезентација се обезбедени со Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги во рамките на категоријата Издатоци за реклама, пропаганда и репрезентација (потставка 405000 – Издатоци за репрезентација).

### Член 4

Средствата за репрезентација може да се користат во следните случаи:

- При посета на претставници на државните институции во Република Македонија;

- При посета на претставници на верски, невладини и спортски организации и здруженија на граѓани;

- При посета на претставници на странски регулаторни тела;

- При посета на претставници на меѓународни организации, претставници на странски амбасади или мисии во Република Македонија, членови на делегации и други претставници на странски земји;

- При посета на експерти (странски и домашни) ангажирани врз основа на проекти, договори и слично;

- Одржување на јавни состаноци, јавни седници или конференции за печат на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на кои се присутни и преставници на трговските радиодифузни друштва, оператори на јавна комуникациска мрежа или новинарски екипи од печатени и електронски медиуми;

- При работна посета во странски држави за кои што е издадено решение за службено патување во странство;

- Други случаи за потребите на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (по повод јубилеи, годишнини, празници и друго).

## 3. ВИДОВИ РЕПРЕЗЕНТАЦИЈА

**Член 5**

Средствата за репрезентација можат да се користат за:

- Послужување безалкохолни пијалоци;
- Послужување алкохолни пијалоци;
- Службен ручек, вечера, закуска и слично;
- Подароци за посебни прилики, како сувенири, марами, вратоврски, нотеси, канцелариски прибор (пенкала), календари и друг репрезентативен материјал.

Средствата за репрезентацијата можат да се користат 7 (седум) дена во неделата.

## 4. ОВЛАСТУВАЊЕ И НАЧИН НА КОРИСТЕЊЕ

**Член 6**

Право на користење на репрезентацијата во согласност со овој правилник имаат:

- Претседателот на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги,
- Заменикот на претседателот на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги,
- Членовите на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги,
- Директорот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, и
- Заменикот на директорот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

**Член 7**

За користење на средствата за репрезентацијата од член 5 од страна на лицата наведени во член 6 алинеи 1, 2, 3 и 5 од овој Правилник, согласност дава директорот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги или лицето кое тој ќе го овласти, со потпишување на документот за извршена услуга.

**Член 8**

Претседателот на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, заменикот на претседателот на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, членовите на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, директорот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и заменикот на директорот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, можат да користат

платежна картичка на име на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги како носители на истата.

За отварање на сметка и користење на платежни картички потребно е директорот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги да донесе решение.

**Член 9**

Корисниците на платежните картици, наведени во член 8 став 1 на овој Правилник, треба со свој рачен потпис да го потврдат месечниот извештај што банката го доставува во тековниот месец, за потрошените средства од картиците за претходниот месец.

**Член 10**

Паричните средства на платежната картичка, доколку не се потрошат до крајот на годината, треба да се вратат на сметката на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

По завршувањето на мандатот на претседателот на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, заменикот на претседателот на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и членовите на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, односно престанувањето на функцијата на директорот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и заменикот на директорот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, истите се обврзани да ги вратат платежните картички со кои се задолжени, при што платежните картички се затвораат.

**Член 11**

Раководителот на Одделението за економско-финансиски работи на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, води евиденција дали трошењето на средствата е во рамките на обезбедените средства со Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, за таа намена, и доколку се јават поголеми трошоци од планираните, писмено ги известува Раководителот на Секторот за правни и економско-финансиски работи, Помошникот раководител на Секторот за правни и економско-финансиски работи на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и директорот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

**Член 12**

Во случај на користење на репрезентација надвор од одредбите и случаите од овој Правилник, лицето кое ја направило нарачката должно е да ги надомести трошоците на сопствена сметка.

## 5. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 13**

За сè што не е предвидено со овој Правилник, важат одредбите од позитивните законски прописи во Република Македонија.

**Член 14**

Овој Правилник влегува во сила со денот на неговото донесување, а ќе се објави на огласната табла на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Со денот на влегување во сила на овој Правилник престанува да важи Правилникот за користење на средствата за репрезентација во Советот за радиодифузија на РМ бр.01-2042/1 од 26.04.2012 година.

**Член 15**
(Член 11 од Правилникот на Агенцијата за
аудио и аудиовизуелни медиумски услуги
за користење на средствата за репрезентација бр.01-3636/1 од 08.07.2014 година)

Секторот за економско-финансиски работи на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, води евиденција дали трошењето на средствата е во рамките на обезбедените средства со Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, за таа намена, и доколку се јават поголеми трошоци од планираните, писмено го известува Раководителот на Стручната служба на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги како и Директорот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и Заменикот на директорот на Агенцијата.

**Член 16**

Со Правилникот бр.01-762/1 од 30.01.2015 година, за изменување и дополнување на Правилникот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за користење на средствата за репрезентација, член 14 од Правилникот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за користење на средствата за репрезентација бр.01-3636/1 од 08.07.2014 година, е избришан.

(Член 14 од Правилникот на Агенцијата за аудио
и аудиовизуелни медиумски услуги за користење
на средствата за репрезентација бр.01-3636/1 од 08.07.2014 година)

Изменувањето и дополнувањето на овој Правилник се врши во писмена форма.

**Бр. 01-843/1**

**03.02 2015 година**
**Скопје**

**Агенција за аудио и**
**аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот,**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**